


Бугарија сака да се меша во внатрешните работи, Оставка во Македонија од мене може да побара премиерот и народот кој ме гласал, рече потпретседателот на влада и министер за транспорт Александар Николоски.

Недозволиво е да странска држава бара оставка да си поднесе подпретседател на влада и министер. Тоа никаде го нема, тоа е директно мешање во внатрешните односи на една држава, тоа е директен упад во внатрешни односи на една држава, рече потпретседателот на влада и на ВМРО-ДПМНЕ и министер за транспорт, Александар Николоски во гостувањето на Дневникот на телевизија Сител во однос на барањето на неговата оставка од страна на бугарски политичари.

Ова што го направи Бојко Борисов во случајов само покажува што всушност тие сакаат, а тоа е да ги водат политичките процеси во Македонија и да диктираат.

Посочи дека од оваа перспектива не е ни зачудување една информација која што излезе пред неколку години кога се случи фамозниот Францускиот предлог, да сакаат обвинителите во Македонија да ги бираат.

**„Така што јасна ни е интенцијата, прво сакаат да се мешаат во внатрешните работи и второ, кој е кредибилитетот на човекот што тоа го бара од мене. Јас го кажав тоа, човек кој што беше сликан со пачки злато и стотици илјади евра до него да зборува за моја оставка, изинете не е достоен за таа работа“, рече Николоски.**

**Николоски истакна дека во Бугарија има една екипа од дваесетина личности кои што се обидуваат да ги расипат пријателските односи меѓу Македонија и Бугарија и меѓу блиските македонски и бугарски народ.**

**Дваесет политичари и историчари од Бугарија успеваат да ги уништат тие односи и тие односи да се на рекордно ниско ниво заради овој пристап кој што го имаат, истакна потпретседателот на влада и на ВМРО-ДПМНЕ и министер за транспорт Александар Николоски.**

Ние сме Македонци што зборуваат македонски јазик, имаат своја култура и не може Бугарија да ни кажува кој сме и што сме

Николоски посочи дека во Бугарија апсолутно имаат со кого да раговараат, ама тоа не се овие дваесет луѓе кои што предизвикуваат проблеми и за Македонија од кои десет се политичари кои што тонат и десет се историчари кои што не можат да се пронајдат сами себе.

Ќе има нови ветришта во бугарската политика, дефинитивно, затоа што седум неисполнети и неуспешни изборни циклуси многу кажуваат.

Осврнувајќи се на писанијата што врвни интелектуалци од Бугарија ги пишуваат во колумни, Николоски истакна дека Бугарија има премиер на кој што народот името не му го знае.

„Тој што сака, ако може и овие избори да не успеат за да остане уште малце премиер. Тоа си е негов проблем, но немој да не злоупотребува нас, немој да ја злоупотребува Македонија, немој да ни прави нас, како држава, проблеми за да остане уште некој ден премиер.

Блокираа цела држава, цел народ на патот кон Европската Унија само заради внатрешни политички прашања. Недозволиво е тоа.

Ние многу јасно знаееме и кој сме и што сме. Знаеме дека сме Македонци и дека зборуваме македонски јазик, имаме своја засебна култура, историја. Тоа е тоа, нема померување од таа работа.

Ние не им кажуваме на нив кој се и никоша не сме имале таква амбиција, но оваа амбиција да ни кажуваат кои сме, каков јазик зборуваме, каква историја имаме, на на крај сега и политичари да ни бираат, ги поминува сите граници на пристојност“, рече Николоски.